# Европа за граѓаните

Програмата „Европа за граѓаните“ е наследник на програмата „Европско граѓанство“ која заврши во 2006 година. Главна цел на програмата е да им даде им овозможи на граѓаните активно да учествуваат во градењето на Европа.

**Цели на програмата**

- Да се зајакне европскиот идентитет заснован на заеднички вредности, историја и култура
- Да се зајакне чувството на припадност на Европската Унија од страна на граѓаните Да се промовира заедничкото разбирање помеѓу Европските граѓани почитувајќи и ценејќи ја културната разлика со придонесот за меѓукултурниот дијалог
- Да се поттикне избалансирана интеграција на граѓаните и организациите од граѓанскиот сектор од сите земји членки.

**Теми на активностите**

1. <u>Активни граѓани за Европа</u> *(45% од буџетот на програмата*)
   - Збратимување на граѓани
   - Проекти од граѓаните и мерки за поддршка
2. <u>Активно граѓанстко општество во Европа</u> (*31% од буџетот на програмата)*
   - Структурна поддршка на организациите за истражување на европската политика (тинк-танк)
   - Структурна поддшка на организациите од граѓанскиот сектор на европско ниво
   - Поддршка на проекти започнати од организации од граѓанскиот сектор
3. <u>Заедно за Европа</u> *(10% од буџетот на програмата)*
   - Големи промотивни настани
   - Студии и истражувања
   - Алатки за информирање и промовирање
4. <u>Европски активни спомени</u> *(4% од буџетот на програмата)*
   - Зачувување на главните места и архиви кои се поврзани со депропријација и со комеморација на жртви

**Корисници на програмата**

Буџетот на програмата „Европа за граѓаните“ за 2007-2013 година изнесува 215 милиони евра. Овие средства се достапни за локална власт, граѓански организации и тинк-танк структури. Македонија ќе може да ги користи овие средства од 2009 година.